Влада на Република Северна Македонија

**Агенција за млади и спорт**

*ДО*

***СИТЕ НАЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ***

Бр. 08 876/1
07.04.2020 год.

Агенција за млади и спорт
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашанаров"
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
Email: contact@ams.gov.mk
web: www.ams.gov.mk

Агенцијата за млади и спорт, согласно својте права и надлежности, во однос на спроведување на донесената Уредба за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администарција за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/2020), бара спортските клубови и национални спортски федерации да ги реализираат сите обврски во однос на искористување на нивното право за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за месеците април и мај 2020 година.

Во прилог ви ја доставуваме во електронска форма Уредбата за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администарција за време на вонрена состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/1920) за ваши потреби и запознавање. Во електронска ворд верзија ви ги доставуваме и Барањето и Изјавата. Ве информираме дека истите документи се објавени и на Веб страната на Агенција за млади и спорт.

Покрај ова, бараме сите Национални спортски федерации, да ја достават комплетната документација за користење на финансиската поддршка, до секој клуб кој има решение за вршење дејност спорт и е член на Федерацијата и да ги запознаат со нивните обврски за користење на правата и обврските утврдени во Уредбата.

**Спортските клубови** кои имаат лица кои може да користат финансиска поддршка согласно оваа уредба со законска сила**, мораат до 15 април 2020 година до Националната спортска федерација да достават комплетна документација за**

Влада на Република Северна Македонија

**Агенција за млади и спорт**

користење на финансиската поддршка, односно за секое физичко лице спортист, стручен работник од областа на спортот или спортска администрација ги доставуваат одделно Барањето и Изјавата со приложената документација која се бара.

Националните спортски федерации, мораат најкасно до 22 април 2020 година до Агенцијата за млади и спорт, со назнака „ЗА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРЕДБАТА", да доставaт комплетна документација за користење на финансиската поддршка, односно за секое физичко лице спортист, стручен работник од областа на спортот или спортска администрација од спортски клуб или националната спортска федерација, секое барање го доставуваат одделно, со потполнето Барање и Изјава со приложената документација која се бара.

Националната спортска федерација, комплетната документација за користење на финансиската поддршка, односно за секое физичко лице спортист, стручен работник од областа на спортот или спортска администрација од спортски клуб или националната спортска федерација, секое барање го доставуваат одделно, со потполнето Барање и Изјава со приложена документација, во електронска и тврда верзија, која се доставува на адреса:

Агенција за млади и спорт, ул. Македонија, број 38, палата Панко Брашнаров,

Лица за контакт :

- Огнен - ognenstojanovski@hotmail.com
- Наташа - nsmilevska@hotmail.com

Изготвил: Наташа Смилевска

Одобрил: Д-р сц. Томисав Андоновски

ДИРЕКТОР

Дарко Каевски